Јануари 2010

САКАЈ ЈА МАКЕДОНИЈА ЖИВЕЈ ЈА ЕВРОПА

www.sep.gov.mk

едно семејство, еден дом

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

Број 2, година 1

# СТАТУС НА ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

## Ревизија на Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ

Непосредно по добивањето на позитивниот Извештај за напредокот на Република Македонија во процесот на евроинтеграција, започнаа подготовките за ревизијата на Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ (НПАА) за 2010 година.

НПАА претставува клучен документ на Владата на РМ со кој се настојува да се постигне синтеза на сите обврски и препораки од ЕУ во еден документ.

### Цели на ревизијата

- ажурирање на тековната НПАА
- креирање на соодветни планови за исполнување на најновите наоди на ЕК од Извештајот
- ревизија на обврските од последниот циклус на состаноци во рамки на Процесот на стабилизација и асоцијација,
- ревизија на плановите за усогласување со растечкото европското законодавство
- воспоставување на редовен систем на следење на реализацијата на НПАА, преку утврдување на матрица на цели и активности

Националната програма е процес кој предвидува континуирано и постепено исполнување на обврските кои произлегуваат од копенхагенските и мадридски критериуми за членство во ЕУ. Со овој документ се обезбедува добра почетна основа за длабинска анализа на законодавството како и за започнување на преговорите за пристапување во ЕУ. Во подготовката на документот учествуваа околу 70-ина институции.

### Преглед на препораки

Со цел навремено и квалитетно завршување на процесот на ревизија беше изготвен ***Преглед на препораки од ЕК за понатамошно усогласување на законодавството на РМ со законодавството на ЕУ***. Документот е синтетизиран преглед на сите препораки, укажувања и коментари од ЕК и другите релевантни институции за понатамошни активности во секое поглавје од *acquis* во делот на политички критериуми, економски критериуми и административни капацитети.

### Акциски план

Анализата се искористи за поставување приоритети на активностите во Владата и во министерствата што резултираше со подготовка на ***Акциски План на цели и активности од Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија во 2009 година*** (со рок на реализација декември 2009 година). Акцискиот план претставуваше политички и административен одговор на препораките во Извештајот за напредокот. Истиот беше основниот инструмент преку кој се следеше исполнувањето на обврските кои произлегуваат од членството,а кои можат да се реализираат до крајот на годината. Главна цел на планот беше да обезбеди континуитет на процесот на реформи во земјата до ревизијата на НПАА за 2010 година.

## Зајакнување на Мисијата на РМ во Брисел

Република Македонија продолжи со зајакнување на капацитетите на Мисијата на државата при Европската унија во Брисел. Мисијата во текот на оваа година ќе се фокусира на оформување на експертскиот тим и воспоставување силен координативен механизам кој ќе биде способен да го издржи притисокот на интензивираниот интегративен процес и на комплексните преговори за членство.

**Стр.2**

## Билатерална соработка

Од 2009 година, Република Македонија може да ги користи и фондовите достапни во рамките на ОРИО програмата, билатерален трговски и инвестиционен документ наменет за поддршка на јавни инфраструктурни проекти во земјите во развој, кои се развиваат и реализираат преку партнерска соработка помеѓу Владата на земјата – корисник и меѓународната бизнис заедница.

**Стр. 3**

# СТАТУС НА ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

## Работни групи и подготовка на преговарачките позиции за членство во ЕУ

Со цел да се овозможи професионален, непрекинат и зајакнат институционален систем на координација и управување на процесот на европска интеграција, се пристапи кон формирање на Работни групи за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската унија.

Како резултат на интензивна и неколкумесечна консултација и процес на усогласување со сите инволвирани институции беше подготвена и усвоена Одлуката за образување на Работни групи за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската унија.

Одлуката е резултат на актуелните специфики кои произлегуваат од потребата од подобрена координација, појасни и зацврстени надлежности на работните групи и засилена позиција на раководителот на работната група, а во насока на очекуваното засилено темпо и обем на работа на работните групи во претстојниот период на интензивно усогласување со законодавството на ЕУ, во процесот на длабинска анализа на законодавството и во процесот на преговори.



Врз основа на Одлуката, подготвени се Решенија за образување на Работни групи за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската унија. Во работните групи учествуваат претставници од органите на државната управа и органи и организации со јавни овластувања. Во моментов, работните групи (33 според структурата на acquis, како и за Политички критериуми, Економски критериуми и Институции) бројат вкупно околу 900 членови.

Во насока на подобра подготовка за процесот на длабинска анализа на законодавството беше подготвена Информација за методологија за транспонирање на европското законодавство. Со оваа Информација се предлагаат промени во досегашниот систем на транспонирање на законодавството на ЕУ во националното законодавство во насока на надминување на констатираните недостатоци на досегашниот систем и негово доусовршување.

Информацијата е усогласена со 40-ина институции и усвоена во јануари 2010 година, по што ќе следат интензивни активности за подготовка на новиот систем на транспонирање на европското законодавство во националното законодавство.

## Следни активности

Секретаријатот за европски прашања во блиска соработка со Министерството за надворешни работи, со цел да оговори на предизвиците од преговорите за пристапување, изготвува Информација за следните активности за започнување на преговорите за членство. Документот ја зема во предвид Националната платформа за водење на преговорите за пристапување донесена од Владата во 2007 година. Истиот обезбедува компаративна анализа на последните две рунди на проширувањето на ЕУ, особено во однос на институционалната поставеност и потребните структури за преговори. Исто така, ги поставува и принципите и критериуми според кои ќе се води процесот на преговори како и Националните структури за преговори за пристапување.

# ВО ОЧЕКУВАЊЕ НА ДАТУМ ЗА ПРЕГОВОРИ СЕ ЗАЈАКНУВА НА МИСИЈАТА НА РМ ВО БРИСЕЛ

По добивањето на препораката на Европската комисија за отпочнување на преговорите за членство во ЕУ Република Македонија продолжи со зајакнување на капацитетите на Мисијата на државата при Европската унија во Брисел.

По назначувањето на специјалниот претставник на Владата на Република Македонија Дејан Ѓоршоски, од 2010 година Мисијата доби нов член - Драган Тилев кој ја врши функцијата на министер-советник. Тилев во Мисијата замина од Секретаријатот за европски прашања каде имаше долгогодишно работно искуство во сферата на европската интеграција. Меѓу другото тој ги вршеше функциите на претседавач на Комитетот за стабилизација и асоцијација, претседавач на Поткомитетот за усогласување на законодавството, беше член на главниот преговарачки тим за Спогодбата за стабилизација и асоцијација и ко-секретар на преговарачкиот тим, оперативен координатор на одговорите на Прашалникот на ЕК, претседавач на Техничкиот комитет за координација на странската помош, ко-претседавач на Комитетот за прекугранична соработка со Република Грција и ко-претседавач на Комитетот за прекугранична соработка со Република Бугарија.

Мисијата во текот на оваа година ќе се фокусира на оформување на експертскиот тим и воспоставување силен координативен механизам кој ќе биде способен да го издржи притисокот на интензивираниот интегративен процес и на комплексните преговори за членство. Воедно ќе обезбеди непречена комуникација помеѓу преговарачките структури во земјата со сите надлежни институции и тела кои ќе преговараат во името на членките на ЕУ. Покрај тоа ќе претставува и соодветна поддршка на нашите преговарачи на лице место во Брисел. Тимот на Мисијата на РМ во Брисел ќе продолжи да се зајакнува и во наредниот период со експерти од различни области.

## БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

### Билатерална програма ОРИО за поддршка на инфраструктурни проекти



7.10.2009, Скопје,Презентација на ОРИО програмата

Од 2009 година, Република Македонија може да ги користи и фондовите достапни во рамките на ОРИО програмата, билатерален трговски и инвестиционен документ наменет за поддршка на јавни инфраструктурни проекти во земјите во развој, кои се развиваат и реализираат преку партнерска соработка помеѓу Владата на земјата – корисник и меѓународната бизнис заедница. Финансиската помош предвидена преку ОРИО е достапна за користење и за единиците на локалната самоуправа, но единствено во соработка и со поддршка од ресорно министерство, при што апликацијата за предвидениот проект се поднесува од страна на соодветното министерство. На 16.11.2009 година е испратен пакет инфраструктурни проекти од Република Македонија за обезбедување на финансиски средства во рамки на оваа програма. Проектите се однесуваат на реконструкција на образовни објекти, водоводни и канализациони мрежи, како и модернизација на високо образовни институции. Се очекува одговор по однос на испратените апликации од холандска страна.Овој инструмент е наменет за финансирање на големи и јавни инфраструктури проекти во земјите во развој преку кој во 2009 година, 50 земји вклучително и Република Македонија ќе можат да располагаат со околу 180 милиони евра.

### Спогодба за развојна соработка со Република Австрија

Секретаријатот за европски прашања и Сојузното министерство за европски и меѓународни прашања на Република Австрија потпишаа Спогодба за развојна соработка. За периодот од 1996 – 2008 година, Република Австрија има обезбедено над 33 милиони евра развојна помош. За 2009 година обезбедени се уште 2, а до истекот на програмата за развојна помош во 2012 година ќе се доделат дополнителни 5 милиони евра.Овие средства се наменети за областите животна средина, социо-економски развој и образование.

## УЧИМЕ ЗА ЕУ

Кампањата „Учиме за ЕУ" има за цел да го подигне нивото на информираност на учениците и студентите за Европската унија, да ја зголеми нивната свест за значењето на евроинтегративните процеси и реформите што Република Македонија ги спроведува за да стане дел од Унијата.

Кампањата ја спроведуваат Секретаријатот за европски прашања и Министерството за образование и наука. Во рамките на оваа кампања учениците и студентите се запознаваат со основните податоци за ЕУ, условите и критериумите за членство, поважните настани во односите РМ-ЕУ, обврските и придобивките од членството во ЕУ како и активностите кои ги презема Владата на Република Македонија во процесот на европска интеграција.



Кампањата започна во февруари 2007 година и досега се посетени околу 112 основни училишта, 35 средни училишта и 12 факултети.

Оваа кампања ќе трае до крајот на 2010 година и со неа ќе се опфатат сите основни и средни училишта ,како и високо образовни институции во Република Македонија. Во реализацијата на кампањата активно се вклучени и министрите на Владата на Република Македонија и амбасадорите на земјите-членки на ЕУ.

## ОДИМЕ ЛОКАЛНО

Во изминативе години Република Македонија направи значаен исчекор во областа на децентрализацијата. Голем број надлежности од централно се префрлени на локално ниво. Оттаму, локалната самоуправа покрај централната власт има голема улога во спроведувањето на активностите кои ги налага ЕУ.



16.12.2010 , Трибна - Одиме локално, општина Чаир, Скопје

Во оваа насока, Секретаријатот за европски прашања во соработка со Министерството за локална самоуправа ја спроведува кампањата "Одиме локално". Целта на кампањата е подигнување на свеста кај локалните власти за потребата од поактивно и креативно вклучување во евроинтегративните напори и приоритети на државата.

Активностите се насочени кон градење отворена соработка и партнерство меѓу централната и локалната власт како и градење заеднички став околу приоритетите и целите на севкупното работење меѓу кои, како клучен национален приоритет, е процесот на интегрирање на Република Македонија во ЕУ. Во реализацијата на кампањата активно се вклучени и министрите на Владата на Република Македонија и амбасадорите на земјите-членки на ЕУ.

Од почетокот на реализацијата на кампањата во 2007 до денес се посетени вкупно 29 општини. Кампањата ќе трае до крајот на 2010 година и со неа ќе се опфатат сите единици на локалната самоуправа .

## СЕП мотивација и искуство за студентите стажанти

Во 2002 година Секретаријатот за европски прашања- СЕП (тогашен Сектор за европски прашања) го ангажираше првиот стажант во рамките на владините институции. Остварувањето на практичната работа се покажа како процес кој е придобивка на двете страни, институцијата и студентот. Искуството говори дека практичната, волонтерската работа се покажа како солидна поддршка и помош при извршување на секојдневните работни задачи на вработените во СЕП, од друга страна за стажантите, волонтерите ова претставува практична примена на стекнатото знаење добиено на факултетите и значајно искуство.

Прашавме дел од актуелните волонтери и стажанти што за нив претставува практичната работа во СЕП.

Тијана- студент на мастер студии по меѓународно право на Правниот факултет Јустинијан I *„Искуството кое го стекнав во СЕП е добра основа за понатаму. Научив што значи навременост, посветеност, организација, нешто што понатаму ќе треба да го надградувам“.*

Александра - *„Европската унија за мене претставува феномен кој длабоко ме заинтригирал. Изборот на постдипломски студии по европско право и желбата за следење на определбата на Република Македонија да биде дел од Европската унија од близу го направија СЕП вистински избор за волонтирање. Искуството стекнато во СЕП е од големо значење за моето стручно оспособување од областа на евроинтеграциите “.*

Томас - студент на мастер студии по меѓународно право на Правниот факултет Јустинијан I *„Стажирањето во СЕП за мене претставува непроценливо искуство во насока на стекнување на потребните знаења за ЕУ, како и одлична основа за мојата понатамошна професионална кариера “.*

Во текот на 2009 година, во Секретаријатот за европски прашања стажирале/ волонтирале вкупно 39 лица.

### Дали знаете дека . . . ?

- **Благодарение на заедничките технички стандарди на ЕУ, Европа е светски лидер во користење и производство на мобилни телефони.**
- **Шенген е мало место во кое се одгледува винова лоза, сместено во југоисточниот дел на Луксембург во близина на границата со Германија и Франција.**

## МК - ЕУ КАЛЕНДАР

4.2.2010 – Средби на комисиите во ЕП

4.2. 2010 – Конференција: Нови вештини за нови работни места

7-9.2010 – Неформална средба на Советот за конкуренција

8-10.2010 – Пленарна седница на ЕП

10.2.2010 - Пленарна сесија на Комитетот на региони

11.2.2010 - Вонредна средба на Европски совет

12-13.2010 – Неформална средба на Советот за транспорт

11-12.2010 - Поткомитет за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој во Брисел

15.02.2010 - Ревизорска мисија на Директоратот за проширување на Европската комисија за првата ИПА компонента.

## ЕУ- ФЛЕШ ВЕСТИ

**повеќе на www.sep.gov.mk**

### ЕК ги повикува граѓаните на ЕУ да гласаат за избор на постер за Денот на Европа 2010 година

Европската комисија неодамна го распиша конкурсот за млади графички дизајнери кои треба да го креираат постерот за Денот на Европа за 2010 година.

Група од европски експерти од областа на дизајнот и комуникацијата избраа десет финалисти од 1700 пријавени. За десетте предлози сега се гласа јавно на веб страната намената за конкурсот.

Победничкиот дизајн ќе биде постер на Денот на Европа и од 9 март 2010 година ќе се дистрибуира до 27-те држави-членки.

## Ви ја претставуваме:

[http://www.eu2010.es/en/index.html](http://www.eu2010.es/en/index.html)

На 1 јануари 2010 година, Шпанија го презеде претседателството со Европската унија од Шведска. Спроведувањето на Лисабонскиот договор, економско закрепнување и отворање на високо квалитетни работни места, консолидирање на Европа како одговорен играч на светската сцена и развој на политики за луѓето на 21 век се главните приоритети во шестмесечниот период на шпанското претседателство.

Повеќе информации за оваа тема може да се најдат на интернет старницата: [http://www.eu2010.es/en/index.html](http://www.eu2010.es/en/index.html)

едно семејство, еден дом

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

**За информации во врска со натписите во билтенот можете да се обратите до Секретеријатот за европски прашања, Влада на Република Македонија**

**Издавач: Секретаријат за европски прашања**
**Адреса: Илинденска бб,**
**1000 Скопје**
**Тел: + 389 2 3200 100**
**e-mail: contact@sep.gov.mk**